# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## на Република Северна Македонија

**Број 187** **11 септември 2019, среда** **година LXXV**

**www.slvesnik.com.mk** **contact@slvesnik.com.mk**

**СОДРЖИНА**

| | | Стр. |
|---|---|---|
| 2945. | **Решение** за утврдување престанок на функцијата директор на Управата за безбедност и контраразузнавање.................................................... | 2 |
| 2946. | **Решение** за разрешување и именување член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес...... | 2 |
| 2947. | **Решение** за разрешување и назначување член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор...... | 2 |
| 2948. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија................. | 2 |
| 2949. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје................................................ | 3 |
| 2950. | **Решение** за именување в.д. заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје........................... | 3 |
| 2951. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“ - Скопје................................................ | 3 |
| 2952. | **Решение** за разрешување и именување член на Управниот одбор на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија......................... | 3 |
| 2953. | **Решение** за разрешување од должноста в.д. директор на Државниот инспекторат за земјоделство............ | 4 |
| 2954. | **Решение** за именување в.д. директор на Државниот инспекторат за земјоделство..................................... | 4 |
| 2955. | **Наредба** за изменување на Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2019 година....... | 4 |
| 2956. | **Одлука** за користење на повластена тарифа на електрична енергија.... | 6 |
| 2957. | **Решение** за стекнување на статус на повластен производител.............. | 7 |
| 2958. | **Објава** за движењето на индексот на цените на мало во Република Северна Македонија............................. | 7 |
| | **Огласен дел**...................................... | **1-56** |

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2945.**

Врз основа на член 192 од Законот за Агенција за национална безбедност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.108/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА УТВРДУВАЊЕ ПРЕСТАНОК НА ФУНКЦИЈАТА ДИРЕКТОР НА УПРАВАТА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И КОНТРАРАЗУЗНАВАЊЕ**

1. На Горан Николовски му се утврдува престанок на функцијата директор на Управата за безбедност и контраразузнавање, орган во состав на Министерството за внатрешни работи.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24 – 6819/1
3 септември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2946.**

Врз основа на член 79 од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 52/2010, 135/2011 и 55/2016) и член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 98/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА КОМИСИЈАТА ЗА ОРГАНИЗАЦИИ СО СТАТУС ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС**

1. Миљазим Мустафа се разрешува од должноста член на Комисијата за организации со статус на јавен интерес од Министерството за правда.

2. За член на Комисијата за организации со статус од јавен интерес од Миистерството за правда, се именува Татјана Васиќ - Бозаџиева.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24 – 6849/1
3 септември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

**2947.**

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/2000, 12/2003, 55/2005, 37/2006, 115/2007, 19/2008, 82/2008, 10/2010, 51/2011, 15/2013, 139/2014, 196/2015 и 140/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 98/2019) и член 1 и член 3 од Одлуката за формирање на Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор („Службен весник на Република Македонија “ бр. 98/2016 и 164/2017), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И НАЗНАЧУВАЊЕ ЧЛЕН НА СОВЕТОТ ЗА СОРАБОТКА СО И РАЗВОЈ НА ГРАЃАНСКИОТ СЕКТОР**

1. Миљазим Мустафа се разрешува од должноста член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, од редот на вработените во органите на државната управа.

2. За член на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор од редот на вработените во органите на државната управа се назначува Валентина Шаурек.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 24 – 6850/1
3 септември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2948.**

Врз основа на член 7 од Законот за основање на Агенцијата за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005, 41/2014 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата оджана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Милица Андонов се разрешува од должноста член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија.

2. За член на Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Северна Македонија се именува Александра Спасевска.

3. Оваа решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ке се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

| | |
|---|---|
| Бр. 24-6851/1<br>3 септември 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2949.**

Врз основа на член 91 став 3 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 27/2016, 119/2016, 21/2018 и 113/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 124/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ**

1. Арбен Зибери се разрешува од должноста вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 6852/1<br>3 септември 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2950.**

Врз основа на член 91 став 3 од Законот за вработување и осигурување во случај на невработеност („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/97, 25/2000, 101/2000, 50/2001, 25/2003, 37/2004, 4/2005, 50/2006, 29/2007, 102/2008, 161/2008, 50/2010, 88/2010, 51/2011, 11/2012, 80/2012, 114/2012, 39/2014, 44/2014, 113/2014, 56/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 27/2016, 119/2016, 21/2018 и 113/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 124/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ЗАМЕНИК НА ДИРЕКТОРОТ НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА-СКОПЈЕ**

1. За вршител на должноста заменик на директорот на Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија-Скопје се именува Беким Мурати.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 6853/1<br>3 септември 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2951.**

Врз основа на член 34 од Законот за студентскиот стандард („Службен весник на Република Македонија“ бр. 15/2013, 30/2013, 120/2013, 41/2014, 146/2015, 30/2016, 178/2016, 64/2018, 20/2019) и („Службен весник на Република Северна Македонија“ 124/2019), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР – ПРЕТСТАВНИК НА ОСНОВАЧОТ НА ДРЖАВНИОТ СТУДЕНТСКИ ДОМ „СКОПЈЕ“- СКОПЈЕ**

1. Орхан Рамадани се разрешува од должноста член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“- Скопје.

2. За член на Управниот одбор – претставник на основачот на Државниот студентски дом „Скопје“-Скопје, се именува Бајрам Махмути.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

| | |
|---|---|
| Бр. 24 – 6854/1<br>3 септември 2019 година<br>Скопје | Заменик на претседателот<br>на Владата на Република<br>Северна Македонија,<br>**Оливер Спасовски,** с.р. |

---

**2952.**

Врз основа на член 16 од Законот за објавување на законите и другите прописи и акти во „Службен весник на Република Македонија“ („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/99 и 43/2002), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ И ИМЕНУВАЊЕ ЧЛЕН НА УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

1. Беким Мурати се разрешува од должноста член на Управниот одбор од редот на афирмирани и стручни лица на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија.

2. За член на Управниот одбор од редот на афирмирани и стручни лица на ЈП Службен весник на Република Северна Македонија се именува Есат Шаќири.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24 – 6855/1
3 септември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2953.**

Врз основа на член 9 став 1 од Законот за државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2009, 53/2011, 164/2013, 43/2014, 33/2015, 88/2015, 149/2015, 39/2016, 172/2016 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА РАЗРЕШУВАЊЕ ОД ДОЛЖНОСТА В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

1. Милан Запровски се разрешува од должноста вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24 – 6856/1
3 септември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

---

**2954.**

Врз основа на член 9 и член 9-а од Законот за државниот инспекторат за земјоделство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 20/2009, 53/2011, 164/2013, 43/2014, 33/2015, 88/2015, 149/2015, 39/2016, 172/2016 и 83/2018), Владата на Република Северна Македонија на седницата одржана на 3 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА ИМЕНУВАЊЕ В.Д. ДИРЕКТОР НА ДРЖАВНИОТ ИНСПЕКТОРАТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО**

1. За вршител на должноста директор на Државниот инспекторат за земјоделство, орган во состав на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, се именува Зоран Шапуриќ.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Северна Македонија.“

Бр. 24 – 6857/1
3 септември 2019 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.

## АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

**2955.**

Врз основа на член 57 став (1) алинеја 1 од Законот за ветеринарно здравство („Службен весник на Република Македонија“ бр. 113/07, 24/11, 136/11, 123/12, 154/15 и 53/16), директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство донесе

**Н А Р Е Д Б А**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ГОДИШНАТА НАРЕДБА ЗА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНИТЕ ВО 2019 ГОДИНА**

Член 1

Во Годишната наредба за здравствена заштита на животните во 2019 година („Службен весник на Република Македонија“ бр. 3/19) Прилогот 1 се заменува со нов Прилог 1 кој е составен дел на оваа наредба.

Член 2

**Завршна одредба**

Оваа наредба влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 10-2779/3
5 септември 2019 година
Скопје

Агенција за храна
и ветеринарство
Директор,
**Зоран Атанасов,** с.р.

**Прилог 1**

Преглед на населени места каде ќе се изврши превентивна вакцинација против Антракс кај овци/кози, говеда, свињи и коњи.
Редовна превентивна вакцинација против Антракс треба да се изврши во утврдените дистрикти согласно табелата.

| година/станал дистрикт | Населено место | Епизоотиолошка единица | година под контрола (до кога трае дистриктот) |
|---|---|---|---|
| 2000 | Јажинце | Јегуновце | 2020 |
| 2003 | Забрчани | Прилеп | 2023 |
| 2003 | Бачиште | Зајас | 2023 |
| 2003 | Лешница | Зајас | 2023 |
| 2003 | Речани | Зајас | 2023 |
| 2003 | Грешница | Зајас | 2023 |
| 2003 | Горно Барбарево | Пробиштип | 2023 |
| 2003 | Трипатанци | Пробиштип | 2023 |
| 2001 | Лепопелци | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Спанчево | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Соколарци | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Жиганци | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Новоселани | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2001 | Врбица | Чешиново-Облешево | 2021 |
| 2009 | Велес | Велес | 2029 |
| 2003 | Оризари | Велес | 2023 |
| 2002 | Радуша | Скопје | 2022 |
| 2000 | Каратманово | Лозово | 2020 |
| 2001 | Сопот | Свети Николе | 2021 |
| 1999 | Могила | Могила | 2019 |
| 2015 | Раовиќ | Сарај | 2035 |
| 2019 | Долно Строгомиште | Зајас | 2039 |
| 2019 | Горно Строгомиште | Зајас | 2039 |

# РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА И ВОДНИ УСЛУГИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**2956.**

Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 21 и член 191 став (10) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 16 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19), постапувајќи по барањето за користење на повластена тарифа на електрична енергија на Друштвото за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 септември 2019 година, донесе

## О Д Л У К А
## ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ТАРИФА НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Лондонска“ бр.8 Скопје, му се одобрува користење на повластена тарифа на електрична енергија произведена од термоелектроцентралата на биомаса БИНЕРГИЈА, со инсталирана моќност од 600 kW и со локација на КП бр.176/1 КО Визбегово, Општина Бутел.

2. Податоци за носителот на оваа одлука:

- назив и седиште: Друштво за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Лондонска“ бр.8 Скопје,

- единствен регистарски број на електроцентралата: РР-ВМ-202,

- назив на електроцентралата: термоелектроцентрала на биомаса БИНЕРГИЈА,

- податоци за локација на електроцентралата: на КП бр.176/1 КО Визбегово, Општина Бутел,

- инсталирана моќност на електроцентралата: 600 kW (три генераторски единици со моќност од 200 kW),

- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 4.200.000 kWh,

- повластена тарифа која ќе ја користи повластениот производител: согласно повластена тарифа која што важела на денот на донесување на решението за стекнување на привремен статус на повластен производител на електрична енергија произведена обновливи извори на енергија за термоелектроцентрала на биомаса БИНЕРГИЈА, УП1 бр. 08-60/15 од 20 јули 2015 година, се одобрува користење на повластена тарифа од 15 €¢/kWh,

- период на користење на повластената тарифа: 15 години започнувајќи со денот на влегување во сила на оваа одлука.

3. Оваа одлука влегува во сила 7 дена од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб - страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 08-67/19
4 септември 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

**2957.**

Врз основа на член 24, став (1) точка 1) алинеја 21 и член 191 став (10) од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија“ бр.96/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.96/19) и член 16 од Правилникот за повластени производители коишто користат повластена тарифа („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 116/19), постапувајќи по барањето за донесување на решение за стекнување на статус на повластен производител на Друштвото за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје УП1 бр. 08-66/19 од 19 јули 2019 година, Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија на седницата одржана на 4 септември 2019 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**ЗА СТЕКНУВАЊЕ НА СТАТУС НА ПОВЛАСТЕН ПРОИЗВОДИТЕЛ**

1. На Друштвото за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Лондонска“ бр.8 Скопје, му се издава решение за стекнување на статус на повластен производител за термоелектроцентралата на биомаса БИНЕРГИЈА, со инсталирана моќност од 600 kW и со локација на КП бр.176/1 КО Визбегово, Општина Бутел.

2. Податоци за носителот на решението:

- назив и седиште: Друштво за производство, трговија и услуги БИНЕРГИЈА ДОО експорт-импорт Скопје, со седиште на ул. „Лондонска“ бр.8 Скопје,
- единствен регистарски број на електроцентралата: PP-BM-202,
- назив на електроцентралата: термоелектроцентрала на биомаса БИНЕРГИЈА,
- податоци за локација на електроцентралата: на КП бр.176/1 КО Визбегово, Општина Бутел,
- инсталирана моќност на електроцентралата: 600 kW (три генераторски единици со моќност од 200 kW),
- планирано годишно производство на електрична енергија од електроцентралата: 4.200.000 kWh,
- датум на престанок на важење на ова решение: 11 септември 2034 година.

3. Ова решение влегува во сила 7 дена од денот на донесувањето и се објавува во „Службен весник на Република Северна Македонија“ и на веб - страницата на Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Северна Македонија.

УП1 бр. 08-66/19
4 септември 2019 година
Скопје

Претседател,
**Марко Бислимоски,** с.р.

## ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА

**2958.**

Врз основа на член 44, став 1 од Законот за државната статистика („Службен весник на Република Македонија“ бр. 54/97, 21/07, 51/11, 104/13, 42/14, 192/15, 27/16, 83/18 и 220/18) Државниот завод за статистика го утврдува и објавува

**ДВИЖЕЊЕТО НА ИНДЕКСОТ НА ЦЕНИТЕ НА МАЛО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ЗА МЕСЕЦ АВГУСТ 2019 ГОДИНА**

Индексот на цените на мало во Република Северна Македонија во периодот јануари – август 2019 година, во однос на просечните цени на мало во 2018 година, изнесува 0.3%.

Директор
**Апостол Симовски,** с.р.

СЛУЖБЕН ВЕСНИК
на Република Северна Македонија

www.slvesnik.com.mk contact@slvesnik.com.mk

**Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје**
**бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.**
**Директор и одговорен уредник – Мартин Костовски**
**телефон: +389-2-55 12 400**
**телефакс: +389-2-55 12 401**

**Претплатата за 2019 година изнесува 10.100 денари.**
**„Службен весник на Република Северна Македонија" излегува по потреба.**
**Рок за рекламации: 15 дена.**
**Жиро-сметка: 300000000188798.**
**Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.**
**Печат: Печатница ЕВРОПА 92 ДООЕЛ, Кочани.**

ISSN 0354-1622

2019187